КАПИТАЛ БАНКА | 20 години

НАПРЕДУВАМЕ ЗАЕДНО

Врз основа на член 388 од Законот за трговски друштва и член 55 од Статутот на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК

## ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје

За учество на редовна седница на Собрание на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје која ќе се одржи во седиштето на Банката на ул.Филип Втори Македонски број 3, Скопје (Деловен Центар СОРАВИА) на **31.05.2016** година со почеток во 12.00 часот, со следниот

### ДНЕВЕН РЕД

**I. Процедурален дел**

1. Отварање на Собранието на Банката
2. Верификација на Списокот на Присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието

**II. Работен дел**

4. Усвојување на Деловната Политика и Развојниот План на Банката
5. Усвојување на Финансискиот План на Банката
6. Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за работата на Банката за 2015 година, заедно со писмено мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор
7. Разгледување на Годишниот Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2015 година заедно со писмено мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор
8. Разгледување на Извештајот на Одборот за ревизија за 2015 година
9. Разгледување и усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија и писмено мислење по истиот, изготвено од страна на Надзорниот одбор
10. Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка на Банката и финансиските извештаи за 2015 година
11. Донесување на Одлука за распоредување на остварената добивка од работењето на Капитал Банка АД Скопје во 2015 година
12. Избор на Друштво за ревизија
13. Донесување на Одлука за усвојување на Листата на нето должниците на Банката за 2015
14. Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2015
15. Донесување на Одлуки за одобрување на работата членовите на Надзорниот одбор на Банката за 2015
16. Разгледување и усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Управниот одбор за 2015
17. Донесување на Одлуки за одобрување на работата членовите на Управниот одбор на Банката за 2015
18. Разгледување и усвојување на Кодексот за корпоративно управување во Банката
19. Донесување на Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката
20. Донесување на Одлука за измена на седиштето на Банката
21. Разно

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на закажаното Собрание со Пријава за учество на Собранието.

Примерок од Пријавата за учество на Собранието се подига во Секретаријатот на Управниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје (контакт телефон 02/3 102 – 500 и 02/3 102 – 505) или на интернет страната на Банката www.capitalbank.com.mk.

Пополнетата Пријава за учество на Собранието се доставува до Секретаријатот на Управниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје на адреса ул.Филип Втори Македонски број 3, Скопје (Деловен Центар СОРАВИА).

Пријавувањето на акционерите правни лица се врши преку нивните законски застапници.

Акционерот може со Полномошно заверено на нотар, да овласти полномошник кој ќе го застапува на Собранието, за што е должен веднаш да ја извести Банката со Писмено известување (Овластување) на адреса ул.Филип Втори Македонски број 3, Скопје (Деловен Центар СОРАВИА).

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 06.05.2016, да предложат дополнување на предложениот дневен ред со барање за вклучување нови точки или одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Предлагањето точки/одлуки по дневниот ред се врши со писмено известување доставено на адреса до Секретаријатот на Управниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје на адреса ул.Филип Втори Македонски број 3, Скопје (Деловен Центар СОРАВИА) или по електронски пат во скенирана форма на е-маил: jadranka.saveska@capitalbank.com.mk

Предлогот се доставува во писмена/скенирана форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер(и) правно лице.

Акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. **За акционер физичко лице се приложува:**
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
   - Копија од лична карта или пасош
2. **За акционер правно лице се приложува:**
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од шест месеци
   - Последна тековна состојба од Централнниот регистар во оригинал не постара од шест месеци
   - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник

Акционерите имаат право да поставуваат прашања по точките од дневниот ред.
Правото да се поставуваат прашања од акционерите и обврската на Банката да одговори на поставените прашања може да се ограничи само поради одржувањето на ред во заседавањето и работата на собранието, или преземање активности за зачувувањето на доверливоста во работењето и деловните интереси на Банката.

Одговорите на поставените прашања на седница на собранието на Банката ќе бидат објавени на интернет страната на банката: www.capitalbank.com.mk во форма на прашање и одговор.

Прашањата се доставуваат во писмена форма во оригинал на адреса : до Секретаријатот на Управниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје на адреса ул.Филип Втори Македонски број 3, Скопје (Деловен Центар СОРАВИА) или по електронски пат во скенирана форма на е-маил: jadranka.saveska@capitalbank.com.mk, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер(и) правно лице.

Заедно со прашањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
   - Копија од лична карта или пасош
2. За акционер правно лице се приложува:
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од шест месеци
   - Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена
   - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник

Гласањето по точките од дневниот ред Ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Увид во материјалите од Дневниот ред може да изврши секој акционер, секој работен ден од денот на објавувањето на Јавниот повик, од 12:00 до 14:00 часот, во просториите на Банката, на ул. Филип Втори Македонски број 3, Скопје (Деловен Центар СОРАВИА), во Секретаријатот на Управниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје и на интернет страната на Банката: www.capitalbank.com.mk.

**КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје**

КАПИТАЛ БАНКА
Република Македонија
ул.Филип Втори Македонски, 3/6, (Соравиа Бизнис Центар)
тел.: +389 2 310 25 00, факс: +389 2 311 28 30
www.capitalbank.com.mk

CAPITAL BANK
3/6, Philip II Macedonian str., (Soravia Business Center)
1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel.: +389 2 310 25 00, fax:+389 2 31128 30
www.capitalbank.com.mk